# И Н Ф О-К О Ч А Н И

## МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

www.kocani.gov.mk Општина Кочани
Градоначалник на Општина Кочани

## АПРИЛ 2024 г.





**Денот на шегата во Кочани одбележан со традиционалната „Априлијада“**

По повод 1 Април, Меѓународниот ден на шегата, на платото на Центарот за култура „Бели мугри“ во Кочани се одржа традиционалната „Априлијада“.

На настанот организиран од Општина Кочани, маскирани дефилираа и настапија деца од Детската градинка „Павлина Велјанова“, Приватната градинка „Амичи“ и ученици од основните училишта во Кочани.

Учесниците, родителите и сите присутни ги поздрави градоначалникот Љупчо Папазов, кој го изрази задоволството што ги гледа најмладите сограѓани во едно поинакво издание, кое иако го крие нивниот вообичаен изглед, не ја сокрива детската радост.

Првоаприлската манифестација ја организира Одделението за јавни дејности од Општина Кочани со средства од Програмата за поддршка на образованието.



**Започнува инсталирањето на фотоволтаични системи на три јавни објекти во Кочани**

Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов и изведувачот на работите „ТМ“ од Штип, во присуство на претставници од Центарот за развој на Источниот плански регион, денеска го потпиша договорот за инсталација на фотоволтаични системи во Кочани, како дел од проектот „Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион“.

Со овој проект на три јавни објекти во Кочани ќе бидат инсталирани фотоволтаични системи. Фабриката за вода

| | |
|---|---|
|  | ќе добие фотонапонска централа со моќност од 210 киловати, СОУ „Гошо Викентиев“ – од 27,5 киловати и ОУ „Никола Карев“ – од 40 киловати.<br><br>Вкупната вредност на проектот во кој се вклучени пет општини од ИПР е 13.700.228 денари со вклучен ДДВ, од кои 12.368.566 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година, со индикативно планирани средства за 2024 година. Остатокот од 1.331.662 денари се обезбедени од буџетите на општините, крајни корисници на резултатите на проектот. Кофинансирањето од Буџетот на Општина Кочани, согласно Одлука за обезбедување на сопствено учество за проектот „Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион“, е во износ од 261.477,00 денари.<br><br>Со овој проект ќе се инсталираат фотоволтаични системи на јавни објекти и во општините Штип, Карбинци, Виница и Македонска Каменица. |
| <br><br> | **Општина Кочани и КПС „Осоговски орел“ потпишаа меморандум за соработка**<br><br>Во пресрет на реализацијата на општинските програмски активности, градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов и претседателот на неодамна формираниот Клуб за планинарски спортови „Осоговски орел“, Гоце Тошев, потпишаа меморандум за соработка.<br><br>Документот ги дефинира формите на соработка, меѓу кои се: организирање акции и натпревари во различни дисциплини; грижа за заштитата на животната средина; развој и унапредување на планинарството, велосипедизмот и планинското трчање, афирмација на природните потенцијали.<br><br>На средбата се разговараше за двете претстојни активности, кои КПС „Осоговски орел“ и Општина Кочани ќе ги реализираат заеднички. За 13 април е закажан настанот „Пешачењето е здравје“, чија цел е да ја промовира физичката активност како фактор за добро здравје, а по иницијатива на КПС „Осоговски орел“, по повод 22 Април – Денот на планетата Земја, во соработка со Општина Кочани ќе се реализира и екоакција на потегот Бавчалук – Гратче. |
| | **Со ждребување – определен редоследот за истакнување изборни плакати за претстојните избори** |





Во просториите на Општина Кочани се одржа ждребување за определување на редоследот за истакнување изборни плакати за претстојните претседателски и парламентарни избори, без надоместок. Од пријавените четири организатори на изборната кампања, учествуваа тројца.

Раководителот на Одделението за правни и општи работи во Општина Кочани, Венцо Бојков ја образложи Одлуката на Советот на Општина Кочани за утврдување места за истакнување изборни плакати и условите за добивање право за користење на местата за истакнување на изборните плакати на подрачјето на Општина Кочани.

По ждребувањето, на определените локации согласно Одлуката, организаторите на изборната кампања кои од Државната изборна комисија имаат потврдена листа на кандидати за избор на претседател и за парламентарните избори, ќе се претставаат по следниот редослед: Левица, СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и ЗНАМ.

По завршување на ждребувањето, корисниците на просторот за истакнување плакати треба уредно да ги отстранат плакатите.





**ОУ „Малина Попиванова" го одбележа патрониот празник**

Основното училиште „Малина Попиванова" го одбележа патрониот празник – 122 години од раѓањето на македонската револуционерка и 39 години од основањето на училиштето.

По тој повод градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов, членови на Советот на Општината, училишни и партиски делегации, положија свежо цвеќе и оддадоа почит пред бистата на Попиванова во училишниот двор.

Директорот на „Малина Попиванова" Благој Петров соопшти дека меѓу двата патрони празника се набавени нови нагледни средства, реновирани се две училници за првоодделенци и формирана е паралелка за продолжен престој.

Пред публиката беше прикажана свечена програма во која учествуваа учениците од одделенска и предметна настава.





**Започна одбележувањето на 8 Април – Меѓународниот ден на Ромите**

Општина Кочани започна со одбележувањето на 8 Април, Меѓународниот ден на Ромите во соработка со ромски граѓански здруженија. Утрово на јарболите пред општинската зграда беше кренато ромското знаме, а градоначалникот Љупчо Папазов оствари средба со претставници на ромската заедница.

Одбележувањето на 8 Април ќе продолжи на 11 април со одржување на трибина под наслов „Ромите во Кочани денес“, која ќе се одржи во Мултикултурниот центар (сала на кат) со почеток во 11 часот. Исто така на 11 април ќе се одржи и културно-уметничка програма со почеток во 17 часот на Градскиот плоштад, каде ќе настапат повеќе музички интерпретатори, оркестри, диџеи, а публиката ќе има можност да проследи и стендап комедија.



**Градоначалникот Љупчо Папазов им го честита Рамазан бајрам на муслиманските верници**

Во пресрет на Рамазан бајрам, градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов упати честитка до граѓаните од исламска вероисповед.

– На сите верници од исламска вероисповед им го честитам големиот верски празник Рамазан бајрам. Празникот на братската љубов и на хуманизмот нека нè учи сите дека верската различност треба да биде мост за зближување, за подобро разбирање и поголема толеранција.

На муслиманските верници им го честитам празникот и им посакувам здравје, бериќет и милост во секој дом, духовен, морален и солидарен напредок – стои во честитката од градоначалникот Папазов.



**Трибина во МКЦ: „Ромите во Кочани денес“**

Во рамките на програмата на Општина Кочани за одбележување на Меѓународниот ден на Ромите, денеска во салата на Мултикултурниот центар се одржа трибина на темата „Ромите во Кочани денес“.

Трибината, со свое излагање за реализираните активности за ромската заедница во Кочани, ја отвори градоначалникот Љупчо Папазов, кој говореше за општинските мерки и активности во повеќе области: образованието, социјалата, урбанизмот и

| | |
|---|---|
|  | инфраструктурата.<br><br>Видувања за состојбите и за напредокот на Ромите во Кочани изнесоа и Јалчн Неџипов, како претставник на „Ромалитико“ и Мануела Саидова од невладината организација „Светла иднина“.<br><br>Ученици од ОУ „Раде Кратовче“ ја презентираа ромската химна на ромски и на македонски јазик. |
|  | **Нови садници покрај тротоарите и во парковите во Кочани**<br><br>Деновиве се озеленуваат нови површини во централното градско подрачје на Кочани.<br><br>Се засадуваат нови садници од видовите јасен, јавор, липа, црвена слива и платан покрај тротоарите по неколку улици, како и на повеќе парковски површини.<br><br>Општина Кочани апелира до граѓаните грижливо и совесно да се однесуваат и да не ги оштетуваат новите садници и останатата високостеблеста вегетација. |
|  | **Детско игралиште во училишниот двор во селото Грдовци**<br><br>Во непосредна близина на Подрачното училиште „Никола Карев“ во Грдовци, Општина Кочани во соработка со службите од КЈП „Водовод“, оформи детско игралиште.<br><br>Поставени се реквизити за игра, хортикултурно е уредена околината и се засадени високостеблести дрвца.<br><br>Уредувањето на овој простор претставува нова корисна содржина наменета за најмладите од Грдовци. |
| <br><br> | **Во ОУ „Никола Карев“: Роботиката – поддршка во учењето кај децата со тешкотии во развојот**<br><br>Градоначалникот и секретарот на Општина Кочани, Љупчо Папазов и Драган Ананиев во ОУ „Никола Карев“ присуствуваа на Втората сесија од обуките во рамките на меѓународниот проект „Еразмус +“, под наслов „Роботика и инклузија на ученици со попреченост во специјалното образование“.<br><br>Реализацијата на овој проект е од особена важност заради примената на технологијата во олеснувањето на учењето кај учениците со попреченост, односно целта е со учење и технолошка поддршка децата да станат поуспешни. |

| | |
|---|---|
| | Во проектот кој е започнат во 2023 и ќе трае две години, се вклучени пет држави, Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип е партнерска организација, а СТЕМ Роботика од Кочани е надворешен соработник. |
| <br> | **Со културно-забавна програма заврши одбележувањето на Денот на Ромите во Кочани**<br><br>На 11 април вечерта, на Градскиот плоштад во Кочани се одржа културно-забавна програма, со која Општина Кочани го заокружи одбележувањето на 8 Април – Меѓународниот ден на Ромите.<br><br>Публиката имаше можност да го проследи музичкиот настап на учениците Амит Ибраимов и Севгулана Ибраимова од Кочани, на повеќе интерпретатори, оркестри и бендови, како и стендапот со „Мртва инфузија“ од Штип.<br><br>Во вечерните часови младите се забавуваа со музиката на неколку диџеи. |
|  | **Се бетонираат две улици во Прибачево**<br><br>Привршуваат градежните активности за бетонирање краци на две улици во селото Прибачево.<br><br>Изведувачот на работите, градежната фирма „Коле транс“ бетонира пристапна улица на излезот кон Грдовци, се бетонира и крак од улицата „Гоце Делчев“, на североисточниот, влезен дел во Прибачево.<br><br>Вкупната должина на бетонираните улици е 240 м, а тие се со ширина од 3,5 метри. |
| <br> | **Пешачењето е здравје: Прошетка околу езерото Гратче со Клубот за планинарски спортови „Осоговски орел“**<br><br>Општина Кочани во соработка со Клубот за планинарски спортови „Осоговски орел“ од Кочани, под мотото „Пешачењето е здравје“ реализира прошетка околу езерото Гратче.<br><br>Членови на КПС „Осоговски орел“, граѓанки и граѓани рекреативци поминаа патека долга 7 км, почнувајќи од местото Тополник, преку Галабо до Мактеон, па се спуштија кон Водопадот на Голема Река. Попатно правеа паузи уживајќи во сончевото претпладне, во природата и убавините на познатиот кочански предел. |

Во прошетката учествуваше и градоначалникот Љупчо Папазов, кој истакна дека целта на оваа активност иницирана и поддржана од Општина Кочани е да ја поттикнува физичката активност како фактор за добро здравје, соработката со граѓанскиот сектор и едновремено да ги потенцира природните потенцијали на Кочани.

Активноста се реализира согласно Локалниот акциски план за еднакви можности на жените и мажите за 2024 г.






**Во Кочани се одржа третата Ротари трка**

На 14 април Кочани беше домаќин на третата урбана трка „Ротари ран", на која над 450 натпреварувачи од целата држава, како и од соседна Бугарија трчаа на патеки од 2,5, 5 и 10 км, во машка и во женска конкуренција.

Организатор на трката, која годинава се спроведе под мотото „Да креираме надеж", беше Ротари клубот Кочани-Виница, а реализацијата е со поддршка од Општина Кочани и од приватниот сектор.

Учесниците на трката ги поздрави градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов, кој повика догодина да се удвои бројот на учесниците и да продолжи промовирањето на здравите навики за живеење.

Годинава првото место на 10 километри во женска конкуренција ѝ припадна на Теа Божиновска од АК „Скопски маратон" од Скопје, а во машка конкуренција најбрз беше Мартин Александров Балабанов од Ротари клубот Благоевград од Бугарија. Најдобрите натпреварувачи на патеката од 10 километри добија признанија и парични ваучери.

Христина Гиздовска во женска и Григоријан Никовски во машка конкуренција беа најдобри на патеката од пет километри, а на најкратката патека од 2,5 км победници беа Марија Велков и Николчо Костадинов.



**Кочанските основци на работилници за препознавање и борба против врсничкото насилство**

Учениците што посетуваат настава во основните училишта во Општина Кочани учествуваа на работилници на тема врсничко насилство. Психолози со долгогодишно искуство на справување со овој проблем, споделија најразлични едукативни информации за насилството меѓу врсниците, како дел од кампањата на „Макпетрол" под мотото „Стоп за врсничкото насилство".

Целта на кампањата е врсничкото насилство да се третира како сериозен проблем во општеството и да се најде начин

| | |
|---|---|
|  | како да се препознае, а потоа и соодветно да се реагира.<br><br>Партнерството меѓу „Макпетрол“ и Општина Кочани се очекува да придонесе за подобрување на состојбата на децата и на младите, на кои врсничкото насилство има директно влијание и остава последици по здравјето.<br><br>Работилниците се спроведуваат согласно меморандумот за соработка, со кој Општина Кочани е вклучена во општествено одговорната кампања на „Макпетрол“. |
| <br><br> | **„Безбедни училишта – развивање на доверба“ – работилница за креирање безбедни училишни средини**<br><br>Во соработка со Општина Кочани, Здружението „Медиа плус“ од Штип ја спроведе работилницата „Безбедни училишта – развивање на доверба“, активност од проектот „Безбедноста е нашето мото“, поддржан од Амбасадата на САД.<br><br>Работилницата ја водеа универзитетските професори Методи Хаџи Јанев од Воената академија „Михајло Апостолски“ и Олга Кошевалиска, деканка на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, чија специјалност е детската деликвенција.<br><br>Работилницата беше фокусирана на справувањето на заедницата со безбедноста и меѓуврсничкото насилство во училиштата, со цел да влијае на подигањето на свеста кај сите вклучени страни – и на креаторите и на политиките и на спроведувачите. Исто така се разгледуваше и Протоколот за постапување во училиштата, со ставови и мислења на засегнатите страни од Кочани, вклучително и на учениците.<br><br>Присутните претставници од средните и основните училишта во Кочани, Центарот за социјални работи, Бирото за развој на образованието, невладиниот сектор и од институции кои имаат влијание и улога во креирањето безбедни училишни средини, имаа можност да споделат искуства и да се вмрежат на општинско ниво. |
|  | **СОУ „Гошо Викентиев“ го одбележа патрониот празник**<br><br>Средното општинско училиште „Гошо Викентиев“ го одбележа патрониот празник. По повод 104-годишнината од раѓањето и 80-годишнината од смртта на Викентиев, градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов и повеќе делегации положија свежо цвеќе пред бистата во училишниот двор.<br><br>По повод празникот на кочанското техничкото училиште, |

| | |
|---|---|
|  | присутните проследија кратка програма, а беа прогласени и најуспешните ученици.<br><br>Ученик на генерацијата 2020 – 2024 е Јован Филипов, кој воедно е и најуспешниот во електротехничката струка. Од машинската струка, за ученик на генерацијата е прогласен Александар Гоцевски, а од сообраќајната струка – Дејан Иванов.<br><br>Директорот на СОУ „Гошо Викентиев“ Владо Симеонов им врачи годишни признанија на професори со 10, 20, 30 и 40 години работен стаж. |
| <br><br> | **Екоакција по повод 22 Април – Денот на планетата Земја**<br><br>По повод Светскиот ден на планетата Земја, Општина Кочани, Клубот за планинарски спортови „Осоговски орел“ и КЈП „Водовод“ организираа еколошка акција на потегот од месноста Бавчалук кон езерото Гратче.<br><br>Во акцијата иницирана од КПС „Осоговски орел“ учествуваа ученици од основни училишта, кои со другите учесници ја расчистија пешачката патека и го собраа оставениот отпад од летниковниците на овој потег.<br><br>Меѓународниот ден на планетата Земја, 22 Април, се одбележува ширум светот со разни манифестации и акции, за да се сврти вниманието на јавноста за значењето на зачувувањето на животната средина. |
| <br><br> | **На изложба во Кочани – претставени возила од минатиот век**<br><br>Кочани, во неделата беше домаќин на педесетина историски возила – олдтајмери, кои во Трговскиот центар беа претставени на изложба под наслов „Зрно по зрно“.<br><br>Јавноста можеше да види повеќе модели автомобили што се возеле во минатото, на сопственици од Кочани, Кавадарци, Куманово, Свети Николе, Велес, Македонска Каменица, Тетово и Скопје. Изложени беа и 15 возила од Република Србија.<br><br>Настанот беше организиран од Автомобилското здружение „Љубители на класик мини“ од Скопје, во соработка со Општината Кочани. |



**Модернизација на преминот преку железничката пруга на улицата „Никола Карев“ во Кочани**

Во тек е реализацијата на градежните активности за модернизација на преминот на горниот строј на пругата Велес – Кочани, на патниот премин „Основен суд“, на дел од ул. „Никола Карев“ во Кочани.

На премините се поставува гумена подлога со цел да се олесни минувањето на возилата и да се забрза протокот на сообраќајот.

Поради тековните активности, влезот односно излезот во Кочани од правецот кон Грдовци е затворен за сообраќај, а надлежните служби ги повикуваат сите учесници во сообраќајот да го почитуваат времениот сообраќаен режим.

По завршувањето на овој премин, градежните работи ќе продолжат на преминот кај Ветеринарната станица, на улицата „Лазар Андонов“, каде што ќе се обнови и сообраќајната сигнализација и ќе се направи соодветен простор за движење на пешаците.





**Отворена изложбата „Инфинити“ ликовни дела од жени уметници од Кочани, Виница и Зрновци**

На 26 април, во Центарот за култура „Бели мугри“ беше отворена изложбата „Инфинити“, со ликовни дела од од жени уметници. Во Салонот фоаје 2 се претставени триесетина ликовни дела изработени во различни техники: масло на платно, акрил, колаж, комбинирана техника, плакат.

Авторки се шеснаесет уметници од Кочани, Виница и Зрновци: Маја Анастасова Христова, Александра Димитрова, Марија Мицова Гацова, Оливера Атанасова, Васка Сандева, Катерина Деспот, Марија Петрова Фафа, Благица Стојановска, Катица Алексова, Нада Ѕмбова Донева, Драгана Јовевска Канго, Катерина Соколова, Љупка Коцева, Елизабета Зафирова Стојанова, Маријана Иванова и Слаџана Гаврилова.

Изложбата ја отвори градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов, кој го изрази задоволството од одличниот одзив на уметниците, посебно што во изложбата се влучија ликовни творци кои извесно време живеат и работат надвор од Македонија.

Настанот го иницира и организира Општина Кочани во соработка со Центарот за култура „Бели мугри“, а реализацијата на активноста е согласно општинскиот

Локален акциски план за еднакви можности на жените и мажите за 2024 г.
Изложбата ќе биде поставена до 10 мај 2024 г.





**Се одржа Третиот меморијален турнир во шах „Тодор Милосиев-Тошо“**

На 28 април, Шаховскиот клуб „Кочани“ беше домаќин на Третиот меморијален турнир „Тодор Милосиев-Тошо“.

На турнирот во чест на кочанската шаховска легенда и шаховски педагог Милосиев, настапија 24 шахисти на возраст од 9 до77 години од Кочани, Свети Николе и Скопје.

Најуспешен на турнирот беше Ѓорги Петров, на второ место се најде Јоцо Колев, а третото место му припадна на Ванчо Петров.

Пехарите на тројцата најуспешни им ги додели градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов. Највозрасниот учесник Михаил Стефанов и најмладиот гостин на турнирот Емануел Ангеловски добија шаховски табли, а за сите учесници ШК “Кочани” обезбеди медали.
Меморијалниот шаховски турнир се реализира со финансиска поддршка од Општина Кочани.



**Од 9 мај во основните училишта во Кочани започнува уписот на првачињата за учебната 2024/25 година**

Децата кои до крајот на календарскава година ќе наполнат 6 години и деца родени до 31 јануари 2019 г., по претходно барање на родител и добиено мислење од педагог и психолог имаат право да се запишат во прво одделение.

Уписите во основните училишта во Кочани започнуваат од 9 мај, а согласно Законот за основно образование, основното училиште ги опфаќа учениците од својот реон утврден од основачот на основното училиште. Училиштата ќе доставaт покана за упис на детето, со термин кога родителот треба да се обрати кај нив. Родителот е должен да се јави во училиштето во кое детето е училиштен обврзник.

При запишувањето, родителите треба да ги приложат следниве документи: извод од матична книга на родените на ученикот (копија); државјанство на ученикот (за ученици родени во странство); копија од лична карта од родител; потврди за примени задолжителни вакцини, за стоматолошки преглед и за преглед кај очен лекар – издадени од надлежни здравствени установи, како и мислење односно функционален профил од Комисијата за

| | |
|---|---|
| | проценка на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје (МКФ). |
|  | **Се градат нови тротоари – во тек се работите на улицата „Трета македонска бригада“ во Кочани**<br><br>Со договорот за изведба на тротоари што Општина Кочани го склучи по спроведена јавна набавка со фирмата „Урбан павер“ од Скопје, почнува изградбата на нови пешачки површини на подрачјето на Кочани.<br><br>Активностите започнаа од улицата „Трета македонска бригада“ во Кочани, каде што се одвиваат земјените работи, по што тротоарите ќе бидат поплочени со бетонски павер елементи. |
| <br> | **Награди на Државниот натпревар по музика за ученици од ОМУ „Ристо Јуруков“ – Кочани**<br><br>На 62. Државен натпревар по музика што се одржа на 25 и 26 април во Битола, учениците од Основното музичко училиште „Ристо Јуруков“ од Кочани, Бјанка Димов и Јован Цветанов, под менторство на наставникот Благој Николов во дисциплина теорија на музиката ги освоија највисоките награди – прво место – специјална награда и прва награда.<br><br>Макарија Иванова, ученичка во класата на Марија Лазарова, во дисциплината пијано освои втора награда, а Јован Цветанов, под менторство на Душан Стојанов освои трета награда.<br><br>Изминатиот период учениците од ОМУ „Ристо Јуруков“ учествуваа на Меѓународниот фестивал со натпреварувачки карактер „Сергеј Михајлов“ во Штип, од каде што се вратија со 15 први, четири втори и една трета награда во дисциплините пијано, гитара и хармоника.<br><br>На IX Интернационален фестивал „Полихимниа“ што се одржа на 21 април во Скопје, ОМУ „Ристо Јуруков“ се збогати со уште две втори и една трета награда во дисциплините флејта и пијано.<br><br>Постигнатите резултати се доказ за продолжување на традицијата на ОМУ „Ристо Јуруков“ во создавање кавалитетни музички кадри и ширење на музичката писменост и култура. |









**По повод 119 години од смртта на Никола Карев – откриена спомен-биста во училишниот двор**

По повод 119-годишнината од смртта на македонскиот революционер и претседател на Крушевската Република, Никола Карев, денеска градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов и повеќе делегации положија свежо цвеќе на споменикот на Карев во Паркот на Револуцијата во Кочани.

Одбележувањето на патрониот празник на ООУ „Никола Карев“ годинава беше под знакот на поставувањето на спомен-обележје во училишниот двор.

– Од 1993 година нашето училиште го носи името на Никола Карев. Нам ни припадна честа да ја реализираме иницијативата да се постави спомен-обележје во кругот на училиштето. Бистата ја изработи и ја донираше скулпторот Борче Србиновски, за што упатуваме голема благодарност – истакна Александар Андов, директор на ОУ „Никола Карев“.

На откривањето на бистата на Карев присуствуваа ученици, вработени, граѓани и претставници од централната и локалната власт, кои положија свежо цвеќе и му оддадоа почит на големиот македонски революционер.

Ученици од подрачното училиште во с. Тркање приредија рецитал, а делегации од Општина Кочани, Советот на Општина Кочани и од училиштето положија свежо цвеќе и на спомен-обележјето на Никола Карев на влезот во Кочани.

Делегации од општините Кочани, Зрновци и Чешиново-Облешево, претставници на Патриотскиот институт „Гоце Делчев“ и на политички партии, граѓани и функционери го посетија спомен-обележјето на Никола Карев во месноста Свиланово, во близина на селото Рајчани. Тие положија свежо цвеќе и се поклонија на местото каде што загинал Карев.



**Се обновува бојата на металните огради во Кочани**

Се освежува бојата на оградите на мостовите и на заштитните огради во Кочани.

Со договорот за фарбање огради што Општина Кочани го склучи по спроведена јавна набавка со фирмата „Политехна-компани“ од Кочани, во тек е бојадисувањето на металните огради во Кочани.

Активностите започнаа од Двојниот мост. Деновиве

| | |
|---|---|
| | екипите работат на мостовите спротиводно на Кочанска Река, а бојата на оградите ќе се обнови и на мостот на Масалница во Оризари. |
|   | **Инсталирани две фотоволтаични централи на Пречистителната станица за отпадни води во Кочани**<br><br>Заврши инсталацијата на фотоволтаичните централи на кровот на Пречистителната станица за отпадни води во Кочани.<br><br>Во присуство на претставници на фирмите за изведување и за надзор, на Општина Кочани и КЈП „Водовод", фотоволтаичните централи со моќност од 440 киловати и 120 киловати беа пуштени во пробна работа.<br><br>Инсталацијата на фотоволтаичните системи на Пречистителната станица за отпадни води во с. Мојанци се реализира со проектот „Намалување на загубите на вода во водоснабдителниот систем и искористување на соларната енергија во јавното комунално претпријатие во општина Кочани", со грант од Центарот за меѓународна соработка и развој на Република Словенија.<br><br>Вкупната вредност на проектот е 447.872 евра, а грантот е во износ од 223.936 евра, односно 50 % од вредноста на проектот. Останатата половина од средствата се кофинасирање од Општина Кочани.<br><br>Производството на струја од фотоволтаичните централи ќе придонесе да се намалат сметките за вода на граѓаните на Кочани. |

**Општина Кочани**
**ул. „Раде Кратовче" бр. 1**
**2300 Кочани**
**☎ 033 274 001**
**www.kocani.gov.mk**
**info@kocani.gov.mk**